# ‚За секој еден муслиман, кој кога ќе настапи пропишаниот намаз, ќе земе потполн абдест и ќе клања намаз понизно и потполно, тоа ќе биде откуп за гревовите што ги направил претходно, освен ако не направил голем грев. И така ќе биде цел живот.“

Од Осман, радијаллаху анху, се пренесува дека рекол: „Го слушнав Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, како вели: ‚За секој еден муслиман, кој кога ќе настапи пропишаниот намаз, ќе земе потполн абдест и ќе клања намаз понизно и потполно, тоа ќе биде откуп за гревовите што ги направил претходно, освен ако не направил голем грев. И така ќе биде цел живот.“
[صحيح] [رواه مسلم]

Аллаховиот Пратеник, алејхи селам, во овој хадис, ни објаснува дека секој еден муслиман кој кога ќе дојде времето на задолжителниот намаз, во потполна форма ќе земе абдест и ќе го изврши намазот со покајание во срцето и телото насочено кон Возвишениот Аллах, свесен за Неговата големина, потоа ќе ги изврши и сите ритуали како што се: руку, сеџда и другите делови од намазот, тој намаз ќе му ги избрише помалите гревови што ги направил претходно, под услов да ги избегнува големите гревови, а оваа вредност/привилегија ќе трае довека и ќе важи за секој намаз.



النجاة الخيرية
ALNAJAT CHARITY
لجنة الدعوة الإلكترونية
EDC E-Da'wah Committee